MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

Наш број 08-3027/1
06-03-2026
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Градоначалникот на Град Скопје донесе

**О Д Л У К А**

за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.01/2026 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Раководител на Одделение за категоризација, нумерирање и именување на инфраструктурни објекти, шифра УПР0101Б04000, на ниво Б4, Одделение за категоризација, нумерирање и именување на инфраструктурни објекти, Сектор за комунални работи, се избира кандидатот **Љупчо Трпковски.**

2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 25.02.2026 година на интернет страната на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.01/2026 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Градоначалникот на Град Скопје бр.08-2783/1 од 02.03.2026 година, ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју од Градоначалникот на Град Скопје, изготви финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Раководител на Одделение за категоризација, нумерирање и именување на инфраструктурни објекти, шифра УПР0101Б04000, на ниво Б4, Одделение за категоризација, нумерирање и именување на инфраструктурни објекти, Сектор за комунални работи, предложи да се избере кандидатот **Љупчо Трпковски**.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

Изработил : Миле Смилевски
Контролирал : Јулијана Китановска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**ГРАД СКОПЈЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Орце Ѓорѓиевски**